ПП Бр: 09-81/1
Скопје: 13.05.25 год.

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски и Никола Трајчевски – членови, постапувајќи по барањето за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-26/1 од 05.10.2018 година, поднесено од Асоцијација на кабелски оператори АКО – стопанска интересна заедница Скопје, со адреса на ул. Народен Фронт бр.19 а лок.48, преку полномошник Адвокат Лидија Голубова од Скопје, против Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации, со седиште на ул. “Кеј 13-ти Ноември” бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија за сторен прекршок од член 59 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата и постапувајќи по службена должност против Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност Белград (со претходен назив: ХД ВИН, Друштво за телекомуникации ДОО, Белград) со седиште на ул. Милутин Миланковиќ 9а, 11000 Белград, Република Србија, застапувано од полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, Република Северна Македонија и Игор Александровски и Светлана Трендова, адвокати од наведеното друштво, заради сторен прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на **13.05.2025 година**, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека Македонски Телеком АД Скопје, со седиште на ул. „Кеј 13-ти Ноември” бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија со ЕМБС 5168660, ЕДБ 4030997339640, жиро-сметка бр. 200000090141316 во Стопанска Банка Скопје и жиро-сметка бр. 530-0107015432-18 во Охридска Банка и Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност Белград (со претходен назив: ХД ВИН, Друштво за телекомуникации ДОО, Белград) со седиште на ул. „Милутин Миланковиќ“ 9а, 11000 Белград, Република Србија, застапувано од полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, Република Северна Македонија и Игор Александровски и Светлана Трендова, адвокати од наведеното друштво, со ЕМБС 20510293, ЕДБ 106013385, жиро-сметка бр. 285-1001000000106-89 во Sberbank AD, како претпријатија кои учествувале на пазарот **на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, во конкретниот случај АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ и нивните ХД верзии** на територијата на Република Северна Македонија, во периодот од 29.06.2018 година, односно 16.07.2018 година до 31.08.2021 година склучиле XXX[1],

со кои одредби Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) му доделила на МТ ексклузивно право за дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, во конкретниот сличај АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ и нивните ХД верзии на територијата на Република Северна Македонија, со што им нанела штета на останатите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија, а со тоа и на крајните потрошувачи и имаат за цел нарушување на конкуренцијата особено преку ограничување на пазарот на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, во конкретниот сличај каналите АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ и нивните ХД верзии, на територијата на Република Северна Македонија, **поради што истите согласно член 7 став (1) точка 2) од ЗЗК се забранети и претставуваат прекршок од член 59 став (1) точка 1) од истиот закон**, за што на сторителот Македонски Телеком АД Скопје му се утврдува санкција – глоба во износ од 3.075.000,00 денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Македонски Телеком АД Скопје остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка и на сторителот Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност Белград му се изрекува санкција – глоба во износ од 3.075.000,00 денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност Белград остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка и се утврдува дека Македонски Телеком АД Скопје, со седиште на ул. "Кеј 13-ти Ноември" бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија со ЕМБС 5168660, ЕДБ 4030997339640, жиро-сметка бр. 200000090141316 во Стопанска Банка Скопје и жиро-сметка бр. 530-0107015432-18 во Охридска Банка, како претпријатие кое има доминантна позиција на **пазарот на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, во конкретниот случај каналите АРЕНА СПОРТ и нивните ХД верзии,** на територијата на Република Северна Македонија, во периодот од 26.11.2018 година, како ден кога МТ со допис број 09-648706/3 го сторил одбивањето на барањето, односно ургенцијата на АКО за издавање на понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ на кои канали меѓу другото се емитуваат и фудбалските натпреварувања „УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп" и "УЕФА Лига Европа" за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021, за територијата на Република Северна Македонија, до 26.01.2021 година како ден на склучување на Договорот за права за реемитување на програмските сервиси помеѓу МТ и А1 Македонија ДООЕЛ Скопје (со арх.број 09-64272/1), ја злоупотребил својата доминантна позиција на наведениот пазар, на начин што со допис број 09-648706/3 од 26.11.2018 година **неоправдано го одбил** барањето (со арх.бр.0505/154) од 04.10.2018 година, на АКО, односно ургенцијата на АКО бр. 0505/166 од 01.11.2018 година за издавање на понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, за територијата на Република Северна Македонија, со образложение дека МТ, не е заинтересиран за отстапување на ексклузивните права за реемитување на АРЕНА СПОРТ каналите, бидејќи АКО не доставила информација за тоа колку оператори се реално заинтересирани за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, колку корисници опфаќа АКО, што точно од содржините на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ сакаат да реемитуваат и други неопходни информации кои на МТ би му биле потребни за изготвување на евентуален бизнис модел на соработка, со што неоправдано

одбил да тргува со останатите оператори на јавна комуникациска мрежа, кои нудат услуга на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници, како негови конкуренти, со намера на нечесен начин да им нанесе штета **што е забрането согласно член 11 став (2) точка 5) од ЗЗК и претставува прекршок од член 59 став (1) точка 2) од истиот Закон за заштита на конкуренцијата,** за што на сторителот Македонски Телеком АД Скопје му се утврдува санкција – глоба во износ од 1.537.500,оо денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Македонски Телеком АД Скопје остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка или за двата прекршоци на Македонски Телеком АД Скопје согласно член 17 став (1) и (2) од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр.96/2019) му се изрекува единстена санкција, глоба во износ од 4.612.500,00, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Македонски Телеком АД Скопје остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка;

2. Глобата од точка 1) од ова решение сторителите на прекршокот се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

До КОП од страна на Асоцијацијата на кабелски оператори АКО – стопанска интересна заедница Скопје (во понатамошниот текст: АКО), преку полномошник адвокат Лидија Голубова од Скопје, беше поднесено барање за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-26/1 од 05.10.2018 година против Македонски Телеком АД Скопје (во понатамошниот текст: МТ), во кое се наведува дека МТ сторил прекршок од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: ЗЗК).

Во доставеното Барање за поведување на прекршочна постапка се наведува дека МТ како оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и давател на јавни електронски комуникациски услуги, кој нуди телевизиски услуги на територијата на Република Северна Македонија, ги крши одредбите на ЗЗК на штета на останатите оператори кои нудат ТВ услуги, односно ја злоупотребува својата доминантна позиција на пазарот во Република Северна Македонија на начин што откупувајќи ги телевизиските права за емитување на Лига на шампиони од УЕФА за сезона 2018-2019 истите ги пренел на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), како сопственик на телевизиските канали Арена спорт од Република Србија, на кои канали се емитува Лигата на шампиони на УЕФА за потоа единствено ексклузивно МТ да ги реемитува на територијата на Република Северна Македонија, преку својата МАКС ТВ ексклузивна понуда на каналите Арена

спорт 1, 2, 3 и 4 и нивните ХД верзии, со што во целост ги исклучил останатите оператори во Република Северна Македонија.

Воедно, АКО наведува дека на ваков начин МТ ги истиснува сите останати оператори на пазарот на реемитување на програмски сервиси, ТВ канали и убедливо си ја зацврстува својата доминантна позиција, спротивно на член 7 и 10 од ЗЗК. Како доказ дека МТ веќе со години наназад ја злоупотребува својата доминантна позиција и ги истиснува останатите оператори АКО ги достави до КОП е–маил пораките од претставници на АРЕНА СПОРТ каналите и од претставник на доминатниот сопственик Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) – Телеком Србија, во кои АКО е упатен на МТ како единствен дистрибутер и имател на правата на АРЕНА СПОРТ каналите за територијата на Република Северна Македонија. Во е-маил пораката која г-дин Бојан Керавица, како претставник на Телеком Србија на ден 03.10.2018 година ја испратил до АКО, е наведено дека МТ е дистрибутер на АРЕНА СПОРТ каналите за територијата на Република Северна Македонија и за сите евентуални прашања АКО треба да се обрати директно до МТ. Во е-маил пораката која г-дин Мирослав Лучич, како претставник на АРЕНА СПОРТ каналите, ја испратил до АКО на ден 04.10.2018 година е наведено дека во однос на прашањето за дистрибуција на АРЕНА СПОРТ каналите на територијата на Република Северна Македонија, АКО треба да се обрати до МТ, како нивен застапник и дистрибутер за наведената територија. Оттука, АКО наведува дека е упатен своето барање за реемитување на АРЕНА СПОРТ каналите да го поднесе до МТ, како единствен дистрибутер на АРЕНА СПОРТ каналите на територија на Република Северна Македонија. Според АКО сите овие е-маил пораки се доказ и цврст показател дека МТ, грубо и брутално ги истиснува учесниците на релевантниот пазар злоупотребувајќи ја својата доминантна позиција на истиот, со својата ненадминлива сила и финансиска моќ.

На ден 12.10.2018 година, со Допис ПП бр. 09-26/2, АКО достави до КОП Барање за поништување на договор и изрекување привремена мерка.

На седница одржана на ден 17.10.2018 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-26/3. На ден 17.10.2018 година, со Допис ПП бр.09-26/3, КОП го достави до МТ Заклучокот за барање на податоци.

На ден 18.10.2018 година, со Допис ПП бр.09-26/4, МТ достави до КОП Барање за продолжување на рок.

МТ со Допис ПП бр.09-26/5 од 30.10.2018 година, достави до КОП податоци побарани со Заклучок ПП бр. 09-26/3 од 17.10.2018 година.

МТ со Допис ПП бр.09-26/6 од 09.11.2018 година, достави до КОП податоци побарани со Заклучок ПП бр. 09-26/3 од 17.10.2018 година.

На ден 15.11.2018 година, со Допис ПП бр.09-26/7, АКО достави до КОП информација со прилог Ургенција за побарана понуда за реемитирање на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ.

На ден 19.12.2018 година, со Допис ПП бр.09-26/8, АКО достави до КОП информација.

МТ со Допис ПП бр.09-26/10 од 25.12.2018 година, достави до КОП податоци побарани со Заклучок ПП бр. 09-26/3 од 17.10.2018 година.

На седница одржана на ден 09.01.2019 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-2/1. На ден 09.01.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/1, КОП го достави до МТ Заклучокот за барање на податоци.

На ден 22.01.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/2, МТ достави до КОП податоци побарани со Заклучок.

На ден 22.01.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/3, МТ достави до КОП податоци побарани со Заклучок ПП бр.26/3.

На ден 24.01.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/4, КОП побара од МТ да достави доверлива и недоверлива верзија на допис.

На ден 04.02.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/5, МТ достави до КОП недоверлива верзија на допис.

На ден 05.02.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/6, КОП побара од АКО произнесување по допис.

На ден 06.02.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/7, АКО до КОП достави произнесување по допис.

На седница одржана на ден 09.04.2019 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-2/8. На ден 09.04.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/8, КОП го достави до МТ Заклучокот за барање на податоци.

На седница одржана на ден 09.04.2019 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-2/9. На ден 09.04.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/9, КОП го достави до Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност Белград (со претходен назив: ХД ВИН, Друштво за телекомуникации ДОО), (во понатамошниот текст: Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН)), Белград Заклучокот за барање на податоци.

На седница одржана на ден 16.04.2019 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-2/10. На ден 16.04.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/10, КОП го достави до МТ Заклучокот за барање на податоци.

На седница одржана на ден 16.04.2019 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-2/11. На ден 16.04.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/11, КОП го достави до Друштвото за застапување и услуги Телемедиа ДООЕЛ Скопје, Заклучокот за барање на податоци.

На ден 22.04.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/12, МТ достави до КОП податоци побарани со Заклучок.

На ден 24.04.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/13, КОП се обрати до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На ден 24.04.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/14, Друштвото за застапување и услуги Телемедија ДООЕЛ Скопје, до КОП достави податоци побарани со Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-2/11.

На ден 24.04.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/15, Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, достави до КОП податоци побарани со Заклучок.

На ден 02.05.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/16, МТ достави до КОП податоци побарани со Заклучок.

На ден 14.05.2019 година, со Допис ПП бр.09-2/17, МТ достави до КОП дополнителни податоци побарани со Заклучок.

На ден 03.02.2020 година, со Допис ПП бр.03-42/1 Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до КОП достави „Статистички извештај од истражување – Преференции на публиката за спортски содржини ", (наш ПП бр.03-42/1 од 03.02.2020 година), добиено преку истражување на јавното мислење, а спроведено од страна на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје, во периодот од 6-ти до 15-ти декември 2019 година.

На седница одржана на ден 25.02.2020 година, КОП донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-18/1. На ден 27.02.2020 година, со Допис ПП бр.09-18/1, КОП достави до МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) Заклучок за поведување на прекршочна постапка, која за МТ е поведена по барање на АКО, а за Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) е поведена по службена должност.

На ден 03.03.2020 година, Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, со Допис ПП бр.09-18/2 до КОП достави Барање за продолжување на рокот за писмено изјаснување и давање одговор по Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-18/1 од 27.02.2020 година.

На ден 04.03.2020 година, КОП со Допис ПП бр.09-18/3 до Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) достави Одговор на барање за продолжување на рок, со што го продолжи рокот за дополнителни 15 дена.

На ден 06.03.2020 година МТ со Допис ПП бр.09-18/4 до КОП достави Барање за продолжување на рок.

На ден 06.03.2020 година, КОП со Допис ПП бр.09-18/5 до МТ достави Одговор на барање за продолжување на рок, со што го продолжи рокот за дополнителни 15 дена.

На ден 25.03.2020 година, Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, со Допис ПП бр.09-18/6 достави до КОП, Одговор на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-18/1 од 27.02.2020 година.

На ден 02.04.2020 година, МТ со Допис ПП бр.09-18/7 достави до КОП, Одговор на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-18/1 од 27.02.2020 година.

На седница одржана на ден 17.03.2021 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-19/1. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-19/5 од 18.03.2021 година, КОП го достави Заклучокот за барање на податоци ПП бр.09-19/1 до А1 Македонија.

На седница одржана на ден 17.03.2021 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-19/2. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-19/5 од 18.03.2021 година, КОП го достави Заклучокот за барање на податоци ПП бр.09-19/2 до АКО.

На седница оддржана на ден 17.03.2021 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-19/3. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-19/5 од 18.03.2021 година, КОП го достави Заклучокот за барање на податоци ПП бр.09-19/3 до МТ.

На седница одржана на ден 17.03.2021 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-19/4. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-19/5 од 18.03.2021 година, КОП го достави Заклучокот за барање на податоци ПП бр.09-19/4 до Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН).

На ден 25.03.2021 година, А1 Македонија со Допис ПП бр. 09-19/6 достави одговор на заклучокот за барање на податоци ПП бр.09-19/1 на КОП.

На ден 26.03.2021 година, МТ со Допис ПП бр. 09-19/7 достави одговор на заклучокот за барање на податоци ПП бр.09-19/3 на КОП.

На ден 26.03.2021 година, Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, со Допис ПП бр. 09-19/8 достави одговор на заклучокот за барање на податоци ПП бр.09-19/5 на КОП.

На ден 02.04.2021 година, АКО со Допис ПП бр. 09-19/9 достави одговор на заклучокот за барање на податоци ПП бр.09-19/2 на КОП.

На ден 06.04.2021 година, КОП со Допис ПП бр.09-19/10 достави Барање за доставување на доверлива и недоверлива верзија на допис до МТ.

На ден 12.04.2021 година, МТ со Допис ПП бр.09-19/11 достави недоверлива верзија на допис по Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-19/5 од 18.03.2021 година.

На ден 15.11.2021 година, КОП со Допис ПП бр.09-19/12 достави Барање за доставување на недоверлива верзија на дописи до Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН).

На ден 15.11.2021 година, КОП со Допис ПП бр.09-19/13 достави Барање за доставување на доверлива и недоверлива верзија на дописи до МТ.

На ден 16.11.2021 година, Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, со Допис ПП бр.09-19/14 достави недоверлива верзија од поднесоци до КОП.

На ден 19.11.2021 година, МТ со Допис 09-19/15 достави Известување по барање ПП бр.09-19/13 од 15.11.2021 година до КОП.

На ден 04.03.2022 година, КОП со Допис 09-19/1 достави Барање за доставување на правен основ до МТ.

На ден 04.03.2022 година, КОП со Допис 09-19/2 достави Барање за доставување на правен основ до Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН).

На ден 08.03.2022 година, Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, со Допис ПП бр.09-19/3 достави Допис за правниот основ за означување на податоците како деловна тајна согласно член 57, став 3 од ЗЗК, до КОП.

На ден 08.03.2022 година, МТ со Допис број 09-137480/2 (Наш бр.ПП бр.09-19/4 од 08.03.2022 година) достави Одговор за доставување на правен основ, до КОП.

На седница одржана на ден 30.08.2022 година, КОП донесе Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-19/5 од 30.08.2022 година, КОП го достави Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба до АКО. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-19/6 од 30.08.2022 година, КОП го достави Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба до Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН). Со пропратно писмо, ПП бр. 09-19/7 од 30.08.2022 година, КОП го достави Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба до МТ. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-19/8 од 30.08.2022 година, КОП изготви доверлива верзија на Прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба за архивата на Комисијата и за потребите на постапката пред КОП.

На ден 20.09.2022 година, Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, со Допис ПП бр.09-19/9 достави писмено изјаснување по Прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба до КОП.

На ден 20.09.2022 година, МТ со Допис ПП бр.09-19/10 достави писмено изјаснување по Прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба до КОП.

На ден 20.09.2022 година, АКО со Допис ПП бр. 09-19/11 достави писмено изјаснување по Прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба до КОП.

На ден 23.06.2023 година, АКО со Допис ПП бр.09-32/1 достави Ургенција за издавање на Решение по предмет бр.09-19/5, до КОП.

На седница одржана на ден 06.06.2024 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП Бр.09-26/1. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-26/2 од 06.06.2024 година, КОП го достави Заклучокот за барање на податоци до МТ.

На седница одржана на ден 06.06.2024 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП Бр.09-26/3. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-26/4 од 06.06.2024 година, КОП го достави Заклучокот за барање на податоци до Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН).

На ден 14.06.2024 година Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, со Допис ПП бр.09-26/5 до КОП достави Барање за продолжување на рокот за достава на податоци по задолжение од Заклучок бр.09-26/3 од 06.06.2024 година.

На ден 17.06.2024 година Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, со Допис ПП бр.09-26/6 до КОП достави Податоци по задолжението од Заклучокот бр.09-26/3 од 06.06.2024 година (доверлива и недоверлива верзија на дописот).

На ден 19.06.2024 година МТ со Допис ПП бр.09-26/7 достави Податоци во врска со Заклучокот бр.09-26/1 од 06.06.2024 година.

На седница одржана на ден 30.08.2024 година, КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-26/8. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-26/9 од 02.09.2024 година, КОП го достави Конечното известување за утврдена фактичка состојба до МТ. Со пропратно писмо, ПП бр. 09-26/10 од 02.09.2024 година, КОП го достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба до Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН). Со пропратно писмо, ПП бр. 09-26/11 од 02.09.2024 година, КОП го достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба до АКО. Примерок од Конечното известување за утврдена фактичка состојба, заверен со пропратно писмо ПП бр.09-26/12 од 09-26/12 беше ставен во предметот на КОП.

На ден 06.09.2024 година со Допис ПП бр.09-26/13, Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, до КОП достави Барање за продолжување на рокот за писмено изјаснување по однос на Конечното известување за утврдена фактичка состојба.

На ден 11.09.2024 година, КОП со Допис ПП бр.09-26/15 до Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) достави Одговор на барање за продолжување на рок, со што го продолжи рокот за доставување на бараните податоци за дополнителни 15 дена.

На ден 11.09.2024 година, АКО со Допис ПП бр.09-26/16 достави писмено изјаснување по Конечното известување за утврдена фактичка состојба до КОП.

На ден 13.09.2024 година, МТ со Допис ПП бр.09-26/17 достави писмено изјаснување по Конечното известување за утврдена фактичка состојба до КОП.

На ден 25.09.2024 година, Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) со Допис ПП бр.09-26/18, преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, достави доверлива верзија од писмено изјаснување по Конечното известување за утврдена фактичка состојба до КОП.

На ден 25.09.2024 година, Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) со Допис ПП бр.09-26/19, преку својот полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје, достави недоверлива верзија од писмено изјаснување по Конечното известување за утврдена фактичка состојба до КОП.

**По прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, како и од произнесувањето по прелиминарното и конечното известување за утврдена фактичка состојба, КОП утврди дека:**

МТ на меѓународен јавен тендер, на кој учествувал рамноправно со останатите заинтересирани субјекти, согласно правилата на тендерот, а кои се усогласени со европското законодавство, ги прибавил правата за УЕФА Лига Шампиони, УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 за територијата на Република Северна Македонија. На 03.11.2017 година МТ и УЕФА, склучиле Договор за медиумски права за емитување на фудбалските натпревари "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ во натпреварувачките сезони 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021. На ден 03.11.2017 година МТ и УЕФА склучиле Договор за медиумски права за емитување на фудбалските натпревари "УЕФА Лига Европа„ во натпреварувачките сезони 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021.

XXX.

Оттука, МТ како имател на медиумските права за емитување на фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и "УЕФА Лига Европа" со цел да ги исполни своите обврски од договорите со УЕФА, на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), како телевизиски радиодифузер, му ги подлиценцирал правата и соодветните обврски за пренос/емитување на програмите поврзани со УЕФА Лига Шампиони, УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, на територијата на Република Северна Македонија, на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ и тоа А1, А2, А3 и А4 и нивните ХД верзии сопственост на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), преку склучување на Договор за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и "УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали (со архивски број во МТ 08-416314/1 од 29.06.2018 година и архивски број во Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) УГ 60-41/18 од 16.07.2018 година), со важност до 31 август 2021 година.

XXX.

XXX.

XXX.

МТ е оператор на јавна комуникациска мрежа, кој нуди услуга на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници и истиот ги купува Арена каналите заради дистибуција, односно реемитување на истите.

Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) е компанија за телекомуникации и телевизиски радиодифузер кој е сопственик на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ 1, АРЕНА СПОРТ 2, АРЕНА СПОРТ 3 и АРЕНА СПОРТ 4 и АРЕНА СПОРТ 5 и нивните ХД верзии на кои канали врши пренос, односно емитување и маркетинг на спортска содржина и истиот ги продава каналите заради нивна дистрибуција.

Согласно член 5 став (1) алинеа 14 од ЗЗК „Вертикален договор е договор меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија или усогласено однесување меѓу овие лица кои дејствуваат на различни нивоа на производство односно дистрибуција на пазарот“.

Врз основа на горенаведеното, Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања “УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и “УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали склучен помеѓу МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), согласно член 5 став (1) алинеа 14 од ЗЗК, е **вертикален договор,** бидејќи МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) дејствуваат на различни нивоа на производство односно дистрибуција на пазарот.

Во Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања “УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и “УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали, МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) ги вметнале следните одредби:

- XXX

- XXX.

Оттука, МТ како оператор на јавна комуникациска мрежа, кој нуди услуга на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија, врз основа на овој договор **добил ексклузивно право за реемитување/дистрибуција на телевизиските канали** АРЕНА СПОРТ 1, АРЕНА СПОРТ 2, АРЕНА СПОРТ 3 И АРЕНА СПОРТ 4 И АРЕНА СПОРТ 5 И НИВНИТЕ ХД ВЕРЗИИ на кои канали се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа на своите претплатници.

Од погоре наведеното следува дека Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања “УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и “УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали склучен помеѓу МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) е **вертикален договор за исклучиво право на дистрибуција.**

Согласно член 7 став (1) од ЗЗК - Забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласеното однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата.

Согласно член 7 став (3) од ЗЗК - Одредбите од ставот (1) од член 7 нема да се применуваат на договори, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување што

придонесуваат за унапредување на производството или дистрибуцијата на стоките или услугите или промовирање на техничкиот или економскиот развој, под услов од тоа да имаат сразмерна корист и потрошувачите, а кои што:

1)не им наметнуваат на засегнатите претпријатијата ограничувања кои што не се неопходни за постигнувањето на тие цели и

2) не им овозможуваат на тие претпријатија елиминирање на конкуренцијата во значителен обем за стоките или услугите кои се во прашање.

Во март 2012 година Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе Насоки за примена на член 7 став (3) од ЗЗК. Наведените насоки воспоставуваат аналитичка рамка за примената на членот 7 став (3) од ЗЗК.

Во ставот 31 од Насоките е појаснето дека примената на правилото на исклучок утврдено со членот 7 став (3) од ЗЗК е предмет на четири кумулативни услови, два позитивни и два негативни:

(а) Договорот мора да придонесува за унапредување на производството или дистрибуцијата на добрата или да придонесе кон промовирање на техничкиот или економскиот развој,

(б) Потрошувачите мора да имаат сразмерна корист од поволностите кои произлегуваат од договорот,

(в) Ограничувањата мора да бидат неопходни за постигнување на овие цели, и конечно

(г) Договорот не смее да им овозможи на страните да ја елиминираат конкуренцијата во значителен обем за производите кои се во прашање.

Во став 34 од Насоките е наведено дека: Имајќи во предвид дека овие четири услови се кумулативни, не е потребно да се испитаат какви било дополнителни услови откако ќе се утврди дека еден од условите дефинирани со членот 7 став (3) од ЗЗК не е исполнет. Во поединечни случаи може да е соодветно да се земат предвид четирите услови по различен редослед.

КОП ги ценеше наводите на МТ дека предметните договори во целост ги исполнуваат четирите кумулативни услови од член 7 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата и како такви се изземени од забраната од ставот (1) од истиот член поради наведените причини, и тоа:"

- Предметните договори ја овозможија самата дистрибуција на предметните ТВ содржини на медиумскиот пазар;

- Без овие договори доделени од страните во рамките на правно уредена тендерска постапка организирана од страна на УЕФА, предметните ТВ содржини не ќе можеа воопшто да бидат достапни на македонскиот пазар, односно легално да се следат од македонската јавност;
- Заради овозможување на УЕФА содржините МТ презема сопствени ризици, трошоци и одговорности за да може да учествува во тендерската постапка, која беше отворена за сите заинтересирани страни и на фер и транспарентен начин ги доби авторските права за предметните содржини од УЕФА;
- Бенефитот на крајните потрошувачи од содржините реемитувани од страна на МТ е очигледен, од причина што истите ја збогатуваат спортската содржина во Република Северна Македонија.

Притоа, КОП оцени дека МТ при наведувањето дека се исполнети четирите кумулативни услови од член 7 став (3) од ЗЗК, се повикува на Договорите кои МТ ги склучил со УЕФА, кои договори не се предмет на оваа постапка и не подлежат на оценка од страна на КОП во врска со примената на член 7 став (3) од ЗЗК. Со оглед на фактот дека МТ не достави докази дека спорните одредби од Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и "УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали склучен помеѓу МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) ги исполнуваат четирите кумулативни услови од член 7 став (3) од ЗЗК, КОП утврди дека спорните одредби од наведениот договор не може да бидат оправдани со примена на член 7 став (3) од ЗЗК.

Исто така, КОП ценеше дали на Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и "УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали склучен помеѓу МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) **може да се примени член 9 став (1) точка 1) од ЗЗК, односно дали истиот може да биде изземен од примена на членот 7 став (1) од ЗЗК.**

Согласно членот 9 од ЗЗК под назив Групни изземања, во став (1) точка 1) од наведениот член е пропишано дека - Одредбите од членот 7 став (3) од овој ЗЗК особено се применуваат на следните видови договори:

1) вертикални договори за исклучиво право на дистрибуција, селективно право на дистрибуција, исклучиво право на купување и франшизинг; ........

Како што е погоре утврдено, Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и "УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали склучен помеѓу МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) е вертикален договор за исклучиво право на дистрибуција.

Поблиските услови за групни изземања на вертикални договори за исклучиво право на дистрибуција се уредени со *Уредба за групно изземање на одредени видови вертикални договори* („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 42/12).

Во член 1 од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори е пропишано дека “Со оваа уредба се уредува обемот на примена на групното изземање, поблиските услови во однос на пазарните удели кои треба да бидат исполнети за примена на групното изземање, ограничувањата и обврските кои не смеат да се содржат во одредени видови вертикални договори за исклучиво право на дистрибуција, селективно право на дистрибуција, исклучиво право на купување, франшизинг, како и други вертикални договори (во понатамошниот текст: вертикални договори) како и поблиските услови за повлекување на групното изземање.

Согласно член 2 точка а) од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори - „групно изземање“ е изземање на одредени видови вертикални договори од примена на одредбите за забранети договори утврдени со член 7 став (1) од ЗЗК.

Согласно член 2 точка б) од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори - „вертикално ограничување“ е ограничување на конкуренцијата во вертикален договор, согласно член 7 став (1) од Законот;

Согласно член 3 став (1) од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори - Вертикалните договори се изземени од примена на одредбите од членот 7 став (1) од Законот доколку ги исполнуваат условите уредени со оваа уредба, а согласно член 7 став (3) и член 9 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 3 став (2) од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори - Групното изземање се применува доколку договорите од ставот (1) на овој член содржат вертикални ограничувања.

Согласно член 4 став (1) од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори - Групното изземање од член 3 од оваа уредба се применува под услов пазарниот удел на снабдувачот да не надминува 30% од релевантниот пазар на кој ги продава стоките или услугите предмет на договорот и пазарниот удел на купувачот да не надминува 30% од релевантниот пазар на кој тој ги купува стоките или услугите предмет на договорот.

Со цел КОП да утврди дали ќе го примени групното изземање на спорниот договор пристапи кон дефинирање на релевантниот пазар на производ и релевантен географски пазар.

Во член 5 од Законот за заштита на конкуренцијата се дефинирани следниве поими:

"пазар" е место каде што продавачите и купувачите остваруваат понуда и побарувачка на стоки и услуги;
"релевантен пазар" е релевантен пазар на стоки и релевантен географски пазар;
"релевантен пазар на стоки" е пазар на сите стоки и/или услуги што се сметаат за меѓусебно разменливи или заменливи за потрошувачот, според карактеристиките на стоките, нивните цени и нивната наменска употреба;

"релевантен географски пазар" е пазар на подрачје во кое засегнатите претпријатија се вклучени во понудата и побарувачката на стоки и/или услуги, во кое условите за конкуренција се доволно хомогени и можат да се разграничат од соседните подрачја, според условите за конкуренција кои се значително различни во тие подрачја.

При дефинирање на релевантниот пазар КОП го имаше во предвид и „Статистичкиот извештај од истражување – Преференции на публиката за спортски содржини" Бр. 03-457/1 од 03.02.2020 година, (наш ПП бр.03-42/1 од 03.02.2020 година), добиен преку истражување на јавното мислење, спроведен од страна на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје, во периодот од 6-ти до 15-ти декември 2019 година, во кој меѓу другото на страна 4 е наведено ***„Кога би требало да бирате, односно да гледате само една од следниве две опции, која би ја избрале?*** *(Одговараат само испитаници кои гледаат фудбал – вкупно 433 испитаници)* **82% одговориле дека би ја избрале УЕФА односно Лига на шампиони и Лига Европа, а 18% би избрале да гледаат Националните лиги и Националните купови.**

Оттука, фудбалските натпреварувања на Националните лиги и Националните купови не се замена за фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа.

Во однос на горенаведеното, КОП го разгледа тврдењето на МТ дека КОП субјективно ги толкува резултатите од истражувањето, бидејќи според КОП, 82% од испитаниците преферираат УЕФА содржини. Во однос на ова тврдење на КОП, МТ наведе дека истото не е точно, бидејќи со поставеното прашање во анкетата "Дали Вие редовно следите фудбал?" се утврдува дека 39% од испитаниците воопшто следат фудбалски содржини од било каков вид, а 61% од испитаниците воопшто не следат фудбалски содржини, така што, според МТ, процентот на гледачи што преферираат УЕФА содржини е далеку помал и изнесува 21% од вкупниот број на испитаници во истражувањето на јавното мислење. Оттука, според МТ, наводите на КОП за релевантниот пазар на производ и пазарните удели на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) се неточни.

Во однос на ова тврдење, сакаме да истакнеме дека при дефинирање на релевантниот пазар КОП, ги зема во предвид Насоките за дефинирање на релевантен пазар за целите на законот за заштита на конкуренцијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ" бр.145/10).

Во Насоките е наведено дека претпријатијата се подложни на три основни извори на ограничување на конкуренцијата: заменливост на страната на побарувачката, заменливост на страната на понудата и потенцијална конкуренција. Од економска гледна точка, за дефинирање на релевантниот пазар, заменливоста на страната на побарувачката претставува најнепосредна и најефективна дисциплинска сила врз понудувачите на одредена стока, особено во однос на нивните одлуки за цените. Претпријатие или група на претпријатија не можат да имаат значајно влијание врз преовладувачките услови за продажба, како што се цените, доколку нивните купувачи се во состојба лесно да се преориентираат кон расположивите заменливи стоки или кон понудувачите лоцирани на друго место. Во суштина, примената на дефиницијата на пазарот се состои од идентификување на ефективните алтернативни извори на снабдување за клиентите на

инволвираните претпријатија, во однос на стоки/услуги и на географска локација на понудувачите.

Согласно горенаведеното како крајни побарувачи на услугата за гледање на УЕФА натпреварите се јавуваат само граѓаните/купувачите кои следат фудбал и нивното мислење како купувачи (корисници на услугата) е релевантно за утврдување на релевантниот пазар, бидејќи некој кој не следи фудбал не може да има релевантно мислење за тоа кои фудбалски содржини меѓусебно се заменливи. Оттука, првото прашање во анкетата е ставено со цел да се идентификуваат испитаници кои редовно следат фудбал, бидејќи тие се купувачи на таа услуга на пазарот и нивното мислење е релевантно.

Заради тоа, фактот дека 61% од испитаниците не следат фудбал редовно не значи дека КОП субјективно ги толкува резултатите од истражувањето. Согласно горeневадените насоки КОП при оценката на тоа кои стоки и услуги се меѓусебно заменливи треба да ги земе во предвид само мислењата и одговорите на потрошувачите, оние кои ја користат таа стока или услуга. Не може да се утврдува заменливост на производи и да се дефинира релевантен пазар врз основа на мислење на потрошувачи кои воопшто не го користат тој производ или услуга.

КОП, врз основа на спроведената анкета, точно утврдила дека 82% од испитаниците кои следат редовно фудбал преферираат УЕФА содржини. Оттука, фактот дека 82% од оние кои следат редовно фудбал (купувачи кои се спремни да платат за да ги гледаат каналите на кои се емитува фудбал) би избрале да гледаат УЕФА односно Лига Шампиони и Лига Европа е објективна ситуација која постои на пазарот помеѓу корисниците кои редовно гледаат фудбал.

Врз основа на наведеното КОП не го прифати наведувањето на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), дека користената анкета на КОП, не може да биде основ за определување на релевантниот пазар во предметната постапка, и дека КОП испуштила користејќи метод на супституција да определи дефиниции за релевантниот пазар на производ (релевантниот географски пазар) кој е condition sine qua non за било каква анализа за евентуално постоење на наведениот прекршок со таквиот пазар.

Дополнително, според Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), КОП пропуштила да определи и пазарен удел на друштвото и/или МТ на претходно правилно дефиниран релевантен пазар на производ и воедно да наведе на кој релевантен пазар МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) со својот Договор ја ограничиле конкуренцијата.

При дефинирање на релевантниот пазар КОП исто така ги разгледа наводите на МТ за тоа дека истата погрешно го дефинирала релевантниот пазар на производ, односно услуги. Според МТ дефиницијата определена од КОП не е точна од причина што самата дефиниција не определува конкретна стока или услуга, туку упатува на определена активност (емитување, реемитување) и дека за истата да се квалификува како дефиниција на релевантниот пазар на производи, мора да упатува на производот (услугата). Во однос на дефиницијата на релевантниот пазар на производ, МТ наведе дека дефиницијата на КОП не го прецизира видот на емитување или реемитување на која истата се однесува. Во

таа насока, МТ наведе дека авторските дела може радиодифузно да се емитуваат односно реемитуваат преку радио или преку телевизија, што според МТ би значело дека доколку предложената дефиниција на КОП ги опфаќа и двата вида на емитување и реемитување, тогаш КОП треба да ги преиспита своите наоди за големината на пазарот, бројот на учесници на пазарот и пазарните удели на учесниците на истиот, како и применливоста на уредбите за групни изземања. Дополнително, МТ наведе дека дефиницијата на релевантниот пазар на КОП е контрадикторна со тврдењата на КОП дека МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) склучиле вертикален договор, бидејќи според МТ, ако се работи за вертикален договор, КОП би требало да ја има во предвид правната природа и суштина на истиот, односно дека МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) дејствуваат на два различни вертикални пазари, при што активностите реемитување и емитување се однесуваат на два различни пазари, а КОП ги обединила во еден ист пазар нарекувајќи го пазар на емитување/реемитување. Според МТ ваков пазар не може да постои не само од аспект на правото на конкуренција, туку и од причина што во Република Северна Македонија еден ист субјект не смее да биде присутен на двата пазари истовремено, односно истовремено да ги врши овие две активности.

Во однос на наведеното од МТ, КОП истакнува дека, во членот 3 став 1 точка 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано - Емитување е изворно предавање на програми во аналоген или дигитален вид, наменети за прием од страна на јавноста што се распространуваат преку терестријален предавател, јавна електронска комуникациска мрежа или сателит.

Во членот 3 став 1 точка 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Реемитување на програмски сервиси е јавна електронска комуникациска услуга која ја обезбедува оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и претставува примање и истовремено пренесување на радио или телевизиски програмски сервиси во целост и без каква било модификација во нивната програмска содржина, што радиодифузерите ги емитуваат за прием од страна на јавноста.

Во членот 3 став 1 точка 17 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано - Радиодифузер е давател на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги за радио или телевизиско емитување.

КОП во предметната постапка утврди дека Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) е компанија за телекомуникации која што е сопственик и управува со линеарни програмски телевизиски сервиси/канали, која што врши пренос и маркетинг на спортска содржина и телевизиски канали посветени на спортот познати како (АРЕНА СПОРТ 1, АРЕНА СПОРТ 2, АРЕНА СПОРТ 3 и АРЕНА СПОРТ 4) при што сите се пренесуваат во стандарден телевизиски формат и во телевизиски формат со висока резолуција (ХД верзија) и е телевизиски радиодифузер.

Оттука Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) е телевизиски радиодифузер - давател на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги за телевизиско емитување.

КОП утврди дека МТ е телекомуникациска компанија која што поседува и работи со мрежа/систем за дистрибуција на IPTV телевизија на територијата на Република Северна Македонија.

МТ е оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој врши реемитување. Реемитувањето на програмски сервиси е јавна електронска комуникациска услуга согласно горенаведиот член 3 став 1 точка 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, од горенаведеното следува дека МТ како оператор на јавна комуникациска мрежа, нуди услуга на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници со цел истите да ги реемитува до своите крајни потрошувачи.

<u>Оттука јасно произлегува дека емитувањето кое го врши Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) и реемитувањето кое го врши МТ се услуги и неспорно е дека се однесуваат на емитување и реемитување преку телевизија.</u>

Исто така, КОП го разгледа предлогот на МТ дека релевантниот пазар на производ, во конкретниот случај треба да биде најмалку пазарот на спортски содржини кои се прикажуваат и на останатите спортски канали достапни во Република Северна Македонија (Спорт клуб, Еуроспорт и сл.), како и сите спортски содржини достапни на останатите колажни канали, а според МТ, секако дека тоа треба да биде пазарот на дополнителни (премиум) канали со доплата, заради самата природа на овие содржини кои се достапни со соодветна доплата.

Ваквиот предлог на МТ, КОП не го прифати од причина што за КОП спортските содржини кои се прикажуваат и на останатите спортски канали достапни во Република Северна Македонија (Спорт клуб, Еуроспорт и сл.), како и сите спортски содржини достапни на останатите колажни канали, како и дополнителните (премиум) канали со доплата, не се замена за фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, кои во конкретниот случај се емитуваат на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ. Ова од причина што квалитетот на УЕФА фудбалските натпревари со самото тоа што учествуваат НАЈДОБРИТЕ пет до шест клубови е далеку поголем и неспоредлив со останатите натпревари каде настапуваат послабите екипи. Воедно, неспорно е дека фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа се атрактивна содржина која се емитува на Арена каналите со што и самите канали ги прави атрактивни во однос на другите канали.

Врз основа на горенаведеното, во текот на постапката, КОП ја дополни дефиницијата на релевантен пазар на производ која во Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ја имаше утврдено како *Пазарот на емитување односно реемитување на натпреварите од Лига на шампиони на УЕФА и Супер купот на УЕФА и УЕФА Европа лига, која се врши преку телевизиските канали АРЕНА СПОРТ и тоа А1, А2, А3 и А4.*

<u>Притоа КОП ја утврди следната дефиниција на релевентен пазар на производ:</u>

**<u>Пазар на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, во конкретниот случај АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ и нивните ХД верзии.</u>**

**Релевантниот географски пазар е територијата на Република Северна Македонија.**

Учесници на релевантниот пазар - Пазар на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, во конкретниот случај АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ и нивните ХД верзии, на територијата на Република Северна Македонија се: МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН).

Во конкретниот случај, на наведениот пазар МТ е купувач на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ и нивните ХД верзии, а Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) е снабдувач.

Со оглед на фактот дека фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа на територијата на Република Северна Македонија се емитуваат само на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ сопственост на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), за кои екслузивната дистрибуција на големо односно ексклузивното право за реемитување го има МТ, КОП утврди дека **пазарниот удел на МТ како купувач на релевантниот пазар е 100% и пазарниот удел на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) како снабдувач на релевантниот пазар е 100%.**

Оттука, КОП утврди дека на Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и "УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали во кои МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) вметнале забранети одредби, не може да се примени член 3 од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори, бидејќи пазарниот удел на снабдувачот Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) надминува 30% од релевантниот пазар на кој ги продава стоките или услугите предмет на договорот и пазарниот удел на купувачот МТ надминува 30% од релевантниот пазар на кој тој ги купува стоките или услугите предмет на договорот, и истиот подпаѓа под примена на член 7 став (1) од ЗЗК.

Исто така, согласно член 5 став (1) точка б) од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори - (1) Групното изземање од член 3 од оваа уредба нема да се применува за вертикални договори кои, директно или индиректно, сами или во комбинација со други фактори под контрола на договорните страни, имаат за цел:

б) ограничување на подрачјето на кое, или на клиентите на кои, купувачот може да ги продава стоките или услугите предмет на договорот, ....

Во Насоките за вертикални ограничувања на Комисијата за заштита на конкуренцијата донесени на 28.12.2015 година, во точка 21 е наведено - За повеќето вертикални ограничувања, грижи за конкуренцијата можат да се појават само ако постои недоволна конкуренција на едно или повеќе нивоа на трговија, односно ако постои одредена пазарна моќ на ниво на *снабдувачот* или на купувачот, или и на двете нивоа. Доколку тие не содржат строги ограничувања на конкуренцијата наведени во член 5 од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори кои ограничувања имаат за цел

нарушување на конкуренцијата, Уредбата создава претпоставка за легалноста на вертикалните договори во зависност од пазарниот удел на *снабдувачот* и купувачот.

КОП ги ценеше спорните одредби во предметниот договор:

- XXX

- XXX,

XXX како вертикален **договор за исклучиво право на дистрибуција согласно член 7 став (1) од ЗЗК е забранет договор односно договор кој содржи забранети одредби.**

КОП го разгледа наведувањето на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) дека треба да го погледне и земе, горенаведениот договор како целина, а не како извадоци од одредби кои во својата содржина го имаат зборот "ексклузивно", бидејќи според Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), договорот има предвидено обврски од технички аспект, односно аспект во врска со права од интелектуална сопственост, кои доколку бидат прекршени на било кој начин, предвидуваат значителни финансиски последици за сите инволвирани страни.

Од сите горенаведени причини, КОП не ги прифати ваквите тврдења бидејќи за КОП не е спорен Договорот во врска со предвидените обврски од технички аспект, туку одредбите со кои е дадено ексклузивно право за реемитување/дистрибуција на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ на кои канали се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа на своите претплатници.

Исто така КОП не го прифати и тврдењето на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) дека со Договорот, склучен помеѓу Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) и МТ, на МТ и е дадено ексклузивно право за дистрибуција на каналите Арена Спорт ТВ на нејзината платформа, бидејќи на каналите била и сеуште е вметната содржина на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, за кои содржини медиумските права ги има токму МТ. XXX.

XXX.

Оттука, јасно произлегува дека екслузивноста на УЕФА содржината - УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа се однесува само на начинот на кој истата е пренесена од страна на МТ на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) со цел истата да биде емитувана на Арена каналите, а не се однесува на ексклузивност во однос на дистрибуцијата (реемитување на каналите на кои се емитува УЕФА содржината - УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа.

Исто така, КОП го ценеше наведувањето на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) дека при носењето на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка, КОП воопшто не го земала во предвид член 8 став (1) од ЗЗК, кој според Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) определува дека членот 7 точка 1) не се применува на договори од мало значење и доколку пазарниот удел на претпријатијата во последните деловни години не е зголемен за 2% (член 8 став (3)).

Согласно член Член 8 став (1) од ЗЗК - Одредбите од членот 7 став (1) од овој закон не се применуваат на договорите од мало значење.

Согласно член Член 8 став (2) од ЗЗК - За договор од мало значење се смета договор во кој заедничкиот пазарен удел на учесниците во договорот и претпријатијата под нивна контрола на пазарот, не го надминува прагот од 10% доколку договорот е хоризонтален или прагот од 15% доколку договорот е вертикален. Во случај кога не може да се утврди дали договорот е хоризонтален или вертикален, ќе се применува прагот од 10%.

Согласно член Член 8 став (3) од ЗЗК - Одредбите од ставот (1) од овој член ќе се применуваат и доколку пазарниот удел на претпријатијата во последните две деловни години не е зголемен за повеќе од 2%.

Како што е наведно погоре КОП утврди дека пазарниот удел на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) како учесници во Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и "УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали изнесува 100%. Со оглед на фактот дека Договорот е верикален договор и пазарниот удел на учесниците во истиот го надминува прагот од 10%, КОП утврди дека истиот не е Договор од мало значење. Следствено, не се применува ни член 8 став (3) од ЗЗК како што наведува Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН). Оттука, на Договорот се применува член 7 став (1) од ЗЗК.

Со цел правилно утврдување на фактичката состојба, КОП побара од Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), Друштво за телекомуникации ДОО, Белград) податок за тоа дали согласно Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп" и "УЕФА Лига Европа" за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и дистрибуција на спортските ТВ канали склучен помеѓу МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) на ден 16.07.2018 година, МТ има право да склучува договори со останатите оператори (даватели на услугата пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници) на територијата на Република Северна Македонија за дистрибуција на спортските ТВ канали (ARENA Sport 1,2,3 и 4 и нивниот ХД верзија), како канали на кои се реемитуваат програмите поврзани со фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп" и "УЕФА Лига Европа" за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и доколку да, да се наведат одредбите од Договорот од кои произлегува истото. Во однос на наведеното прашање, XXX.

Исто така, со цел правилно утврдување на фактичката состојба, КОП побара од МТ податок за тоа дали согласно Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп" и "УЕФА Лига Европа" за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и дистрибуција на спортските ТВ канали склучен помеѓу МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) на ден 16.07.2018 година, МТ има право да склучува договори со останатите оператори (даватели на услугата пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници) на територијата на Република Северна Македонија за

дистрибуција на спортските ТВ канали (ARENA Sport 1,2,3 и 4 и нивните ХД верзии), како канали на кои се реемитуваат програмите поврзани со фудбалските натпреварувања “УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп” и “УЕФА Лига Европа” за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и доколку да, да се наведат одредбите од Договорот од кои произлегува истото. XXX.

Во јануари 2021 година МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) кон Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања “УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и “УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали, XXX.

XXX.

XXX.

КОП не ги прифати горенаведените одговори од причина што доколку МТ имал право да склучува договори со останатите оператори (даватели на услугата пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници) на територијата на Република Северна Македонија за дистрибуција на спортските ТВ канали (ARENA Sport 1,2,3 и 4 и нивниот ХД верзија), како канали на кои се реемитуваат програмите поврзани со фудбалските натпреварувања “УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп” и “УЕФА Лига Европа” за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021, немало да има потреба од дополнително склучување на XXX.

XXX.

XXX.

Исто така, КОП ги имаше во предвид наводите изнесени во произнесувањата по Конечно известување за утврдена фактичка состојба на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) дека постапката се однесува на прекршувања кои не може да бидат предмет на постапка, со оглед на фактот што за истиот прекршок, веќе е воспоставена судска пракса на Управниот суд на Република Северна Македонија со Правосилни пресуди: УПРК бр.5/2018 односно УПРК бр.6/2018 од 13.02.2019 година и Вишиот управен суд со Пресуда УПРЖ 516/2019 од 19.12.2019 година, со кои е утврдено дека медиумските права кои се предмет на договорот, веќе се прибавени во транспарентна тендерска постапка за јавна набавка која во целост е регулирана со Одлука на Европската Комисија бр.COMP/C.2-37.398 – заедничка продажба на комерцијалните права на УЕФА Лига на шампиони („Одлука на ЕК за УЕФА натпреварите”) и дека овие одлуки на горенаведените судови укажуваат на res iudicata во однос на предметната постапка.

По однос на горенаведените наводи на МТ и Арена Чанелс Груп, КОП го истакнува следното: Имено, по однос на Пресудите УПРК бр.5/2018 и УПРК бр.6/2018 кои се потврдени од страна на Вишиот управен суд во жалбена постапка УПРЖ 516/2019 од 19.12.2019 година, КОП донесе Решение ПП бр.09-3/6 од 11.02.2021 година. Истото беше утужено од МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) по што беше

поведена постапка пред Управниот суд УПРК бр. 4/2021 и УПРК бр.5/2021. Управниот суд во оваа постапка на ден 15.02.2022 година ги уважи тужбените барања на тужителите и Решението на КОП, ПП бр.09-3/6 од 11.02.2021 година, го поништи. Со наведената пресуда, Управниот суд го поништи, Решението на КОП ПП бр.09-3/6 од 11.02.2021 година, самo од причина што КОП при одмерување на глобата применил закон кој е понеповолен за сторителите, што значи дека, Управниот суд ценејќи ги сите докази, сметал дека постои прекршок и дал насока дека секако и во секој случај на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) треба да им се изрече глоба во повторена постапка. Против оваа пресуда на Управниот суд, каде што судот ценел дека материјалниот дел од предметот е правилно утврден од страна на КОП и дека постои прекршок, а при носење на ново Решение КОП треба само да го примени поблагиот закон за сторителите, не била поднесена жалба ниту од страна на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) ниту пак од МТ, од каде јасно произлегува дека истите го признале сторениот прекршок и откако им истекол рокот за вложување на соодветен правен лек даден со пресудата на Управниот Суд УПРК бр. 4/2021 и УПРК бр.5/2021, од тој момент па натака при одлучување во постапката и преземање на сите процесни дејствија при носење на Пресудата УПРК бр.2/2022 и УПРК бр.3/2022 станува збор за/се работи за RES IUDICATA. Постапувајќи по напатствијата на Управниот суд, КОП донесе Решение ПП бр.09-11/2 од 15.03.2022 година. Истото беше утужено од страна на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) по што беше поведена управна постапка пред Управниот суд УПРК бр.2/2022 и УПРК бр.3/2022. Управниот суд ценејќи ги сите докази во постапката, донесе Пресуда УПРК бр.7/2024 со која тужбените барања на тужителите МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) беа одбиени како неосновани. Управниот суд најде дека тужениот орган, КОП, врз основа на правилно и целосно утврдена фактичка состојба неспорно има утврдено дека тужителите се сторители на наведените прекршоци, кои прекршоци беа детално наведени во оспореното решение. Ова од причина што судот со увид во списите, конкретно од расположливите докази и од образложението дадено во одговор на тужба, како и од изјавата дадена од КОП на одржаната јавна расправа, а притоа раководејќи се по одредбите содржани во ЗЗК односно согласно член 7, член 11 и член 59 од ЗЗК, најде дека од страна на КОП правилно се ценети насоките во материјалниот дел по однос на изречената глоба одмерена според поблагиот закон кој што важел од сторувањето на делото, до денот на донесување на решението на КОП со кое е изречена глоба на сторителите на прекршокот. При ваква фактичка и правна состојба на работите, Управниот суд сметал дека оспореното решение е законито и според истиот, КОП правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба во конкретната постапка и правилно ја применил законската регулатива во дадената област. Оваа пресуда беше обжалена од страна на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), при што Вишиот управен суд донесе Решение УПРЖ бр.236/2023 со кое жалбите на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) беа уважени и Пресудата УПРК бр.2/2022 и УПРК бр.3/2022 се укина, при што предметот се врати на повторно постапување пред Управниот суд, бидејќи од списите на предметот, Вишиот управен суд не можеше да утврди дали двата одговори на тужба дадени од КОП биле уредно доставени до МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), и му даде насока на Управниот суд во повторена постапка повторно да ги земе во предвид тужбените и жалбените наводи на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), по што истиот би донел конечна одлука. Во повторената постапка Управниот суд, постапувајќи по напатствијата дадени од страна на Вишиот управен суд со Решение

УПРЖ бр.236/2023, на ден 03.06.2024 година, донесе Пресуда УПРК бр.7/2024 со која тужбените барања на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) беа одбиени како неосновани. Управниот Суд во повторената постапка донесе одлука без одржување на јавна расправа бидејќи Вишиот управен суд Пресудата УПРК бр.2/2022 и УПРК бр.3/2022 ја укина единствено поради недоставување на одговор на тужба до тужителите МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН). Управниот суд повторно ги ценеше сите материјални докази изведени во постапката и при вака утврдена фактичка и правна состојба на работите истиот најде дека оспореното решение на КОП е правилно и законито и дека КОП правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба во конкретната постапка и правилно ја применил законската регулатива во дадената област, при што управниот суд утврди дека тужбите на тужителите МТ и Арена се неосновани и истите ги одби. МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) по однос на пресудата УПРК бр.7/2024 донесена од Управниот суд поднесоа жалби до Вишиот управен Суд. По однос на доставените жалби, КОП достави свои одговори до Вишиот управен суд. КОП сеуште нема добиено никаква одлука од страна на Вишиот управен суд во однос на предметната постапка.

1.Имајќи го во предвид сето погоренаведено, КОП утврди дека МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) во периодот од 29.06.2018 година односно 16.07.2018 година до 31.08.2021 година склучиле XXX

XXX

XXX

XXX

XXX, со што им се нанела штета на останатите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија, а со тоа и на крајните потрошувачи и имаат за цел нарушување на конкуренцијата особено преку ограничување на пазарот на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, во конкретниот сличај каналите АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ и нивните ХД верзии, на територијата на Република Северна Македонија, **поради што истите согласно член 7 став (1) точка 2) од ЗЗК се забранети и претставуваат прекршок од член 59 став (1) точка 1) од истиот закон.**

КОП времетраењето на горенаведениот прекршок го утврди од денот на склучување на Договор за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми поврзани со фудбалските натпреварувања "УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и "УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 и Дистрибуција на спортски ТВ Канали на кој е ставен архивски број во МТ 08-416314/1 од 29.06.2018 година и архивски број во Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) УГ 60-41/18 од 16.07.2018 година) до 26.01.2021 година како ден на склучување на Договорот за права за реемитување на програмските сервиси помеѓу МТ и А1 Македонија ДООЕЛ Скопје (со арх.број 09-64272/1).

Согласно член 59 од ЗЗК за склучен забранет договор или на друг начин учество во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од ЗЗК, КОП на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) со решение ќе им изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатијата имааат составена годишна сметка.

Согласно член 59 став (1) точка 1) од ЗЗК, КОП на претпријатието, МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), со решение ќе им изрече, на секого одделно глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување.

Согласно член 64 став (1) од ЗЗК при одмерување на глобата КОП во предвид ги зема: тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно член 64 став (2) од ЗЗК КОП, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно член 64 став (3) од ЗЗК основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.

Дополнително, при одмерувањето на висината на глобата КОП се раководи и од Насоките за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно Законот за заштита на конкуренцијата. Согласно наведените насоки основниот износ на глобата претставува пропорција од вредноста на продажбите, во зависност од степенот на тежината на прекршокот, помножен со бројот на години за кои траел прекршокот. Степенот на тежината на прекршокот се определува за секој случај посебно, земајќи ги во предвид сите релевантни околности за тој случај.

Висината на вкупниот надомест кој МТ го платил на УЕФА за 2020 година (како последна целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот) за правата за емитување на фудбалските натпревари „Уефа лига на шампиони и УЕФА Сепер Куп“во предметната постапка е најсоодветен финансиски показател за вредноста на релевантниот пазар па оттука при определување на износот на глобата која треба да се изрече на МТ и Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), КОП тргнува од висината на вкупниот надомест кој МТ го платил на УЕФА за 2020 година за правата за емитување на фудбалските натпревари „Уефа лига на шампиони и УЕФА Сепер Куп“а кој надомест износува XXX евра, односно XXX[2] денари.

[2] Среден курс на НБРМ на 31.12.2020 година 1 ЕУР=61,6940 денари

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата, последиците предизвикани од прекршокот и времетраењто на прекршокот (од 16.07.2018 година до 26.01.2021 година) КОП утврди дека глоба кој ќе му се изрече на МТ изнесува 3.075.000,оо денари.

Вкупно остварените приходи на МТ во 2024 година, како последна деловна година за која МТ има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 3.075.000,оо денари претставува XXX % од вредноста на вкупниот годишен приход на МТ остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата, последиците предизвикани од прекршокот и времетраењето на прекршокот од 16.07.2018 година до 26.01.2021 година, КОП утврди дека глобата која ќе му се изрече на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) изнесува 3.075.000,оо денари.

Вкупно остварените приходи на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) во 2023 година, како последна деловна година за која Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) има составена годишна сметка изнесуваат XXX динари односно XXX.[3] денари.

Пресметаната глоба од 3.075.000,оо денари претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

**Врз основа на горенаведената фактичка состојба, КОП утврди дека износот на глобата која ќе му се изрече на сторителот МТ за сторен прекршок од член 59 став 1) точка 1) од ЗЗК изнесува 3.075.000,оо денари и износот на глобата која ќе му се изрече на сторителот Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) за сторен прекршок од член 59 став 1) точка 1) од ЗЗК изнесува 3.075.000,оо денари.**

КОП исто така ги разгледа наводите на АКО, содржани во Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-26/1 од 05.10.2018 година, дека МТ како оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и давател на јавни електронски комуникациски услуги, кој нуди телевизиски услуги на територијата на Република Северна Македонија, ги крши одредбите на ЗЗК на штета на останатите оператори кои нудат ТВ услуги, односно ја злоупотребува својата доминантна позиција на пазарот во Република Северна Македонија на начин што откупувајќи ги телевизиските права за емитување на Лига на шампиони од УЕФА за сезона 2018 -2019 истите ги пренел на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), како сопственик на телевизиските канали Арена спорт од Република Србија, на кои канали се емитува Лигата на шампиони на УЕФА за потоа единствено ексклузивно

[3] Среден курс на НБРМ на 31.12.2024 година 1 српски динар=0,5259 денари

МТ да ги реемитува на територијата на Република Северна Македонија, преку својата МАКС ТВ ексклузивна понуда на каналите Арена спорт 1, 2, 3 и 4 и нивните ХД верзии, со што во целост ги исключил останатите оператори во Република Северна Македонија. На ваков начин МТ ги истиснува сите останати оператори на пазарот на реемитување на програмски сервиси ТВ канали и убедливо си ја зацврстува својата доминантна и монополска позиција. Како доказ дека МТ веќе со години наназад ја злоупотребува својата доминантна позиција и ги истиснува останатите оператори АКО ги достави до КОП и е–маил пораките од претставници на АРЕНА СПОРТ каналите и од претставник на доминатниот сопственик Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) – Телеком Србија, во кои конверзации АКО е упатен на МТ како единствен дистрибутер и имател на правата на АРЕНА СПОРТ каналите за територијата на Република Северна Македонија. Во е-маил пораката која г-дин Бојан Керавица, како претставник на Телеком Србија на ден 03.10.2018 година ја испратил до АКО, е наведено дека МТ е дистрибутер на АРЕНА СПОРТ каналите за територијата на Република Северна Македонија и за сите евентуални прашања АКО треба да се обрати директно до МТ. Во е-маил пораката која г-дин Мирослав Лучич, како претставник на АРЕНА СПОРТ каналите, ја испратил до АКО на ден 04.10.2018 година е наведено дека во однос на прашањето за дистрибуција на АРЕНА СПОРТ каналите на територијата на Република Северна Македонија, АКО треба да се обрати до МТ, како нивен застапник и дистрибутер за наведената територија. Оттука, АКО наведува дека бил упатен своето барање за реемитување на АРЕНА СПОРТ каналите да го упати на МТ како единствен дистрибутер на АРЕНА СПОРТ каналите на територија на Република Северна Македонија. Според АКО сите овие е-маил пораки се докази и цврст показател дека МТ, грубо и брутално ги истиснува учесниците на релевантниот пазар злоупотребувајќи ја својата доминантна позиција на истиот со својата ненадминлива сила и финансиска моќ.

МТ е оператор на јавна комуникациска мрежа, кој нуди услуга на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници и истиот ги купува Арена каналите заради дистибуција, односно реемитување на истите.

АКО е стопанска интересна заедница, основана од неколку оператори на јавни електронски комуникациски мрежи (членки на АКО). Членките на АКО како оператори на јавна комуникациска мрежа, кои нудат услуга на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници, се конкуренти на МТ.

Согласно член 10 став (1) точка 1) од ЗЗК - Едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар, ако како потенцијален продавач или купувач на определен вид стоки и/или услуги: нема конкуренти на релевантниот пазар.

КОП ја утврди следната дефиниција на релевентен пазар на производ:

**Пазар на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, во конкретниот случај каналите АРЕНА СПОРТ и нивните ХД верзии.**

**Релевантниот географски пазар е територијата на Република Северна Македонија.**

XXX.

Оттука, КОП утврди дека на пазарот на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, во конкретниот случај каналите АРЕНА СПОРТ КАНАЛИТЕ и нивните ХД верзии на територијата на Република Северна Македонија, МТ е единствено претпријатие и истото согласно член 10 став (1) точка 1) од ЗЗК има доминантна позиција.

Согласно член 11 став (1) од ЗЗК „забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел.

Согласно став (2) од истиот член „злоупотребата од ставот (1) од овој член особено постои во случај на:

5) неоправдано одбивање да се тргува или поттикнување и барање од други претпријатија или здруженија на претпријатија да не купуваат или продаваат стоки и/или услуги на некое определено претпријатие, со намера на нечесен начин да му се нанесе штета на тоа претпријатие.

Имено, Во просториите на Комисијата за заштита на конкуренцијата на 06.11.2018 година, со полномошникот на АКО, адвокат Лидија Голубова од Скопје, КОП одржа работна средба на која меѓу другото полномошникот на АКО ја извести КОП дека била одржана средба со МТ а во врска со барањето на АКО упатено до МТ за добивање на големопродажна понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ. Притоа, КОП побара од АКО да достави писмено известување за одржаната средба со МТ.

На ден 15.11.2018 година АКО со допис Бр. 0505/170 од 15.11.2018 година (Наш ПП бр. 09-26/7 од 15.11.2018 година), достави информација до КОП во врска со остварената средба со МТ, а во врска со реемитување на каналите АРЕНА СПОРТ. Од наведениот допис КОП утврди дека на ден 04.10.2018 година, АКО до МТ доставил Барање за издавање на понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ (со Архив. Бр. 0505/154), на друштвото Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), кое барање е доставено во прилог на дописот. За доставување на наведенот барање, АКО е упатен од страна на мнозинскиот сопственик на Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН), како имател на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, со електронска порака од 03.10.2018 година, доставена во прилог на дописот. Воедно во дописот (Наш ПП бр. 09-26/7 од 15.11.2018 година), КОП утврди дека на ден 18.10.2018 година врз основа на Барањето на АКО за издавање на понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, во просториите на МТ била одржана работна средба на која претставници на МТ го известиле АКО дека во најкус можен рок ќе му биде доставена понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, со што би ги отпочнале преговорите околу истата.

Со оглед на фактот дека после оддржаниот состанок, АКО не добил понуда од МТ, на ден 07.11.2018 година до МТ доставил Ургенција (со архив.бр.0505/166 од 01.11.2018 година) за достава на бараната понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, која ургенција е доставена во прилог на Допис ПП бр. 09-26/7 од 15.11.2018 година.

Исто така од Допис ПП бр.09-26/8 од 19.12.2018, доставен до КОП од страна на АКО, КОП утврди дека на ден 05.12.2018 година, до АКО со е-маил порака, од страна на МТ, бил доставен Допис број 09-648706/3 од 26.11.2018 година, со предмет Известување, а во врска со Ургенцијата за достава на бараната понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ на АКО (со архив.бр.0505/166) на Барањето (со архив.бр.0505/154) од 04.10.2018 година, која е-маил порака е доставена во прилог на дописот. Со ова Известување, МТ ја известил АКО дека согласно одржаниот состанок и фактот дека во меѓувреме МТ не добил никаков конкретен предлог од страна на АКО, за евентуалниот начин и модел на отстапување на ексклузивните права за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, МТ не е заинтересиран за отстапување на ексклузивните права за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ. Овој свој став МТ го образложил со фактот дека од страна на АКО не добил информација за тоа колку оператори се реално заинтересирани за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, колку корисници опфаќа АКО, што точно од содржините на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ сакаат да реемитуваат и други неопходни информации кои на МТ би му биле потребни за изготвување на евентуален бизнис модел на соработка. Од Допис бр.0505/177 од 07.12.2018 година, како прилог кон Допис ПП бр.09-26/8 од 19.12.2018, доставен до КОП од страна на АКО, КОП утврди дека АКО на ден 07.12.2018 година доставил до МТ, Одговор по известувањето на МТ, бр. 09-648706/3 од 26.11.2018 година. Во својот одговор, АКО истакнал дека на состанокот одржан помеѓу АКО и МТ, на ден 18.10.2018 година, во просториите на МТ, истите се договориле МТ да му достави на АКО писмена понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ. Воедно на наведениот состанок АКО посочил кои оператори се членки на неговата асоцијација, а дел од членките на асоцијацијата биле присутни на состанокот. На одржаниот состанок АКО се изјаснил дека неговите членки се заинтересирани за сите АРЕНА СПОРТ канали, при што напоменал дека, тие, како оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на комуникациски услуги не може да реемитуваат делови од одредени програмски сервиси, туку истите мораат да ги реемитуваат како целина, непроменето, истовремено и без било какви промени или модификации на сигналите на сервисите. АКО воедно навел дека и самиот МТ е оператор на јавни електронски комуникациски мрежи и давател на комуникациски услуги и како таков знае дека операторите може да реемитуваат само програмски сервиси во целина, па оттаму за АКО е нејасно како е возможно МТ да ги прашува за кој дел од програмата се заинтересирани. Во однос на делот на претплатници, во горенаведениот допис, АКО посочил дека тоа е јавен податок и истиот МТ може да го добие од Агенцијата за електронски комуникации, односно од нивните Извештаи за анализата на пазарот на квартално ниво. Воедно АКО навел дека МТ како оператор кој нуди ист вид на комуникациски услуги и самиот врши анализи на пазарот, па според тоа, има големо познавање на заедничкиот пазар. АКО истакнал дека неговите членки се заинтересирани да го добијат правото за реемитување на АРЕНА СПОРТ каналите под исти услови како што и самиот МТ ги има добиено, со можност истите да ги понудат до своите крајни корисници во дополнителни програмски пакети. АКО му предочил на МТ дека се погрешни наводите на МТ дека незаинтересераноста на МТ да достави понуда за деловна соработка произлегува од наводното непостапување на АКО по договорените активности согласно одржаниот состанок, туку дека тоа е класичен изговор на МТ за избегнување на законските обврски да се достави до АКО понуда за реемитување на АРЕНА СПОРТ каналите. Кон тоа, АКО го навел и фактот дека

воопшто не би постоела потреба истиот да достави Ургенција за доставување на понуда до МТ по одржаниот состанок, ако тој самиот требал да достави податоци како би добил Понуда од МТ. На крајот од својот одговор, АКО истакнал дека верува дека во знак на долгогодишната соработка помеѓу АКО и МТ, МТ ќе вложи напор да го измени ставот на незаинтересираност и ќе ја достави бараната понуда до АКО во најкус можен рок. Исто така со горенаведениот допис ПП бр.09-26/8 од 19.12.2018 година, АКО ја информира КОП дека по испраќањето на Одговорот по известување бр. 09-648706/3 од 26.11.2018 година до МТ, а се до денот на испраќање на наведениот допис до КОП (Допис ПП бр.09-26/8 од 19.12.2018 година), истиот не добил одговор од МТ и смета дека со ваквите дејствија МТ се обидува вината за настанатата состојба да ја префрли на АКО, со надеж дека КОП ќе гиземе наодите на МТ, дека АКО наводно не постапил по договореното, за вистинити, па ќе одлучи во корист на МТ. АКО во истиот допис се произнесе дека со овој чин МТ прави грубо и непрофесионално заобиколување на својата обврска да го почитуваат законот и да достават до АКО Понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, како и тоа дека грубо и нечесно се нарушува конкурентскиот пазар каде МТ има водечка доминантна позиција.

Во својот Допис бр. 09-22821/2 од 18.01.2019 година, (Наш. ПП бр.09-2/2 од 22.01.2019 година), меѓудругото, МТ се произнесе по наводите на АКО изнесени во допис ПП бр.09-26/8 од 19.12.2018 година, при што наведе дека бил одржан состанок но на истиот не биле воопшто дискутирани деталите и условите под кои евентуално би се отстапиле ексклузивните права за реемитување. Од страна на МТ било укажано дека не може да се даде никаков конкретен одговор без познавање на моделот и начинот кој АКО го преферира и дека истиот треба да биде предмет на разговори и со Арена Чанелс Груп (со претходен назив: ХД ВИН) согласно одредбата од став 8 член 7 од Договорот за подлиценца за техничка реализација на дистрибуција на програми. МТ наведе дека АКО не дал конкретен одговор дали неговите членки ќе ги направат достапни предметните програмски сервиси до сите нивни претплатници или ќе бидат достапни во посебни премиум пакети само за заинтересирани претплатници со соодветен дополнителен надоместок. Овие податоци според МТ се одразуваат на пресметките на деловната студија за евентуална соработка. Исто така, МТ наведе дека, АКО не дал конкретен одговор како планира да го плати надоместокот кон МТ за овие права, односно дали е заинтересиран да плати една вкупна сума за целиот период или вкупна сума по сезони или пак е заинтересиран да плаќа надомест согласно бројот на претплатниции (дали вкупни или не) согласно надоместокот кој претплатниците би го плаќале за овие програмски сервиси. Според МТ, АКО не дал конкретен одговор за кој период е заинтересиран односно дали е заинтересиран за пократок или за идентичен период за кој МТ ги има правата за реемитување на предметните програмски сервиси. Овие податоци и ред други според МТ се потребни заради анализа и проценка на деловната студија од аспект на тоа каков економски ефект ќе има за МТ отстапувањето на правата за реемитување и откажување од ексклузивноста. Целта на состанокот според МТ била заеднички да размислат за евентуален прифатлив деловен модел преку кој би можеле да соработуваат, без притоа МТ да претрпи загуби или деловен неуспех, со оглед на тоа дека досега МТ немал пракса за ваква соработка од која би добиле сознанија за можни ризици.

Со допис ПП бр.09-2/7 од 06.02.2019 година, АКО се произнесе по дописот на МТ од 04.02.2019 година и притоа наведе дека МТ манипулира со разни неточни и невистинити

информации како спрема АКО, така и спрема КОП и останатите свои конкуренти. Ако наведе дека МТ на пазарот нуди безброј малопродажни и големопродажни продукти. Воедно, АКО нагласи дека кабелските оператори комитенти на МТ за голем број нивни големопродажни продукти (закуп на столбови, купопродажба на интернет, интерконекција за фиксна телефонија и сл) и во ниту еден случај МТ не побарал од АКО да предложи цена, начин на нудење, бизнис модел и сл, како би можеле да го состават продуктот и истиот да им го понудат (самите да си кажат по која цена и на каков начин ќе го купат од кај нив), да си го пресметаат ризикот. Ваквото објаснување од МТ е неприфатливо за АКО, бидејќи секогаш МТ е тој кој ги дава условите за начинот на соработка.

КОП ги ценеше горенаведените наводи дадени од страна на МТ, но истите не ги прифати, со оглед на тоа дека МТ не може да бара од АКО тој да ги предложи и во разговори со МТ да преговара за деталите на условите под кои МТ евентуално би ги понудил АРЕНА СПОРТ каналите, бидејќи АКО не е оператор кој врши услуга на пренос на аудио визуелни содржини до крајни корисници и АКО не ги бара АРЕНА СПОРТ каналите од МТ со цел тој понатаму да ги реемитува, туку како заинтересирани купувачи на АРЕНА СПОРТ каналите од МТ се кабелските оператори членки на АКО кои вршат услуга на пренос на аудио визуелни содржини до крајни корисници. АКО како здружение на претпријатија не смее да преговара комерцијални детали и услови под кои МТ евентуално би им ги дал АРЕНА СПОРТ каналите на неговите членки. Доколку членките на АКО заеднички ги преговараат со МТ комерцијалните услови на евентуалните договори или доколку АКО ги утврди комерцијалните услови и му ги понуди на МТ со тоа АКО и неговите членки би сториле евентуален прекршок на член 7 став (1) од ЗЗК учество во забранет договор односно донесување на забранета одлука. Оттука, преговарањата за деталните комерцијални услови јасно е дека треба да ги води МТ и да склучи договор поединечно со секој заинтересиран оператор. Во конкретниот случај АКО само ги застапува своите членки во пренесувањето на нивната заинтересираност да склучат договор.

Оттука, КОП утврди дека МТ со Допис број 09-648706/3 од 26.11.2018 година го одбил Барањето бр.0505/154 од 04.10.2018 година, односно Ургенцијата на АКО 0505/166 од 01.11.2018 година за издавање на понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ на кои канали меѓу другото се емитуваат и фудбалските натпреварувања “УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и “УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021, за територијата на Република Северна Македонија, со образложение дека МТ не е заинтересиран за отстапување на ексклузивните права за реемитување на АРЕНА СПОРТ каналите, бидејќи АКО не доставила никаков конкретен предлог за евентуалниот начин и модел за отстапување на ексклузивните права за реемитување на АРЕНА СПОРТ каналите.

Од одговорот на АКО доставен на ден 02.04.2021 година ПП бр. 09-19/9 по заклучокот на КОП ПП бр.09-19/2 од 17.03.2021 година, КОП утврди дека една членка на АКО има склучено XXX со МТ, и тоа XXX.

Исто така, КОП од податоците доставени од МТ со допис бр.09-180392/4 од 08.04.2021 година (наш ПП бр.09-19/11 од 12.04.2021 година, утврди дека МТ склучил индивидуален договор со шест оператори на јавни комуникациски мрежи кои вршат реемитување на

програмски сервиси до крајни корисници за правото на реемитување на програмските сервиси Арена Спорт 1,2,3,4 и 5 и тоа:

- XXX;

- XXX;

- XXX;

- XXX;

- XXX и

- XXX.

2.Врз основа на наведеното КОП утврди дека МТ како претпријатие кое има доминантна позиција на **Пазарот на дистрибуција на големо/реемитување на телевизиските канали на кои се емитуваат фудбалските натпреварувања на УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Супер Куп и УЕФА Лига Европа, во конкретниот случај каналите АРЕНА СПОРТ и нивните ХД верзии,** на територијата на Република Северна Македонија, ја злоупотребил својата доминантна позиција на наведениот пазар, на начин што со допис Број 09-648706/3 од 26.11.2018 година **неоправдано го одбил** Барањето (со архив.бр.0505/154) од 04.10.2018 година, на АКО, односно Ургенцијата на АКО бр. 0505/166 од 01.11.2018 година за издавање на понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, за територијата на Република Северна Македонија, со образложение дека МТ, не е заинтересиран за отстапување на ексклузивните права за реемитување на АРЕНА СПОРТ каналите, бидејќи АКО не доставила информација за тоа колку оператори се реално заинтересирани за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ, колку корисници опфаќа АКО, што точно од содржините на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ сакаат да реемитуваат и други неопходни информации кои на МТ би му биле потребни за изготвување на евентуален бизнис модел на соработка, со што неоправдано одбил да тргува со останатите оператори на јавна комуникациска мрежа, кои нудат услуга на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници, како негови конкуренти, со намера на нечесен начин да им нанесе штета **што е забрането согласно член 11 став (2) точка 5) од ЗЗК и претставува прекршок од член 59 став (1) точка 2) од истиот Закон.**

КОП времетраењето на горенаведениот прекршок го утврди <u>од 26.11.2018 година</u>, како ден кога МТ со Допис број 09-648706/3 го сторил одбивањето на Барањето, односно Ургенцијата на АКО за издавање на понуда за реемитување на телевизиските канали АРЕНА СПОРТ на кои канали меѓу другото се емитуваат и фудбалските натпреварувања “УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Супер Куп„ и “УЕФА Лига Европа„ за сезоните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021, за територијата на Република Северна Македонија, <u>до 26.01.2021 година</u> како ден на склучување на Договорот за права за реемитување на програмските сервиси помеѓу МТ и А1 Македонија ДООЕЛ Скопје (со арх.број 09-64272/1).

Согласно член 59 став (1) точка 2) од ЗЗК, КОП на МТ, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако стори злоупотреба на доминантна позиција.

Согласно член 64 став (1) од ЗЗК при одмерување на глобата КОП во предвид ги зема: тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно член 64 став (2) од ЗЗК КОП, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно член 64 став (3) од ЗЗК основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.

Дополнително, при одмерувањето на висината на глобата КОП се раководи и од Насоките за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно Законот за заштита на конкуренцијата. Согласно наведените насоки основниот износ на глобата претставува пропорција од вредноста на продажбите, во зависност од степенот на тежината на прекршокот, помножен со бројот на години за кои траел прекршокот. Степенот на тежината на прекршокот се определува за секој случај посебно, земајќи ги во предвид сите релевантни околности за тој случај.

Висината на вкупниот надомест кој МТ го платил на УЕФА за 2020 година (како последна целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот) за правата за емитување на фудбалските натпревари „Уефа лига на шампиони и УЕФА Сепер Куп"во предметната постапка е најсоодветен финансиски показател за вредноста на релевантниот пазар па оттука при определување на износот на глобата која треба да се изрече на МТ КОП тргнува од висината на вкупниот надомест кој МТ го платил на УЕФА за 2020 година за правата за емитување на фудбалските натпревари „Уефа лига на шампиони и УЕФА Сепер Куп"а кој надомест изнесува XXX евра, односно XXX[4] денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата, последиците предизвикани од прекршокоти врметраењето на прекршокот (од 26.11.2018 година до 26.01.2021 година) КОП утврди дека глоба кој ќе му се изрече на МТ изнесува 1.537.500,оо денари.

Вкупно остварените приходи на МТ во 2024 година, како последна деловна година за која МТ има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

4 Среден курс на НБРМ на 31.12.2020 година 1 ЕУР=61,6940 денари

Пресметаната глоба од 1.537.500,оо денари претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на МТ остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатиeто има составена годишна сметка.

**Врз основа на горенаведената фактичка состојба, КОП утврди дека износот на глобата кој ќе му се изрече на сторителот МТ за сторен прекршок од член 59 став 1) точка 2) од ЗЗК изнесува 1.537.500,оо денари.**

Конечно, за двата прекршоци на Македонски Телеком АД Скопје согласно член 17 став (1) и (2) од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр.96/2019) му се изрекува единстена санкција, глоба во износ од 4.612.500,00, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Македонски Телеком АД Скопје остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка

Заради сето горе наведено КОП одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Комисијата за заштита на конкуренција**
**Комисија за одлучување по прекршок**
**Претседател**
**М-р.Борче Размоски**